Бр. 12-1901/2
______ год.
17-02-2020

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција од подносителот ТА -------- ------- од С------, на 27-та седница одржана на ден 14 февруари 2020 година донесе

**О д л у к а**

Пријавата за корупција бр. 12-1901/1 од 23.03.2019 година на подносителот ТА -------- ------- од С------„ СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за надлежно постапување во предметот со број 12-1901 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-1901/1 од 23.03.2019 година.

Предметот со број 12-1901 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-1901 од 2019 година е оформен врз основа на пријавата бр. 12-1901/1 од 23.03.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот ТА -------- ------- од С------.

Пријавата е со наслов жалба/приговор од подносителот по добиена одлука за избор на најповолна понуда за ученички екскурзии добиена на ден 16.03.2019 година и во истата се изразуваат наводи за сомневање во законитоста и легалноста на постапката за избор на најповолна понуда за реализирање на ученички екскурзии за ученици во СЕПУГС ------- ---------- ------ С------, која била спроведена во м. март 2019 година по објавен Оглас за прибирање на понуди. Подносителот на пријавата бил еден од понудувачите и не бил задоволен од начинот на спроведувањето на предметната постапка по однос на нелегално отворање и разгледување на понудите, како и од донесената одлука за избор на најповолна понуда, смета дека ваквите незаконски и нелегални постапки се одговорност на наведеното училиште, се сомнева во манипулација и нелегални дејствија во текот


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

на спроведувањето на целата постапка од објавениот оглас и за своите сомневања доставил писмени известувања до повеќе институции во РСМ: Државен просветен инспекторат, Сектор за образование на Град Скопје, Градоначалник на Град Скопје, Средното училиште и до Државната комисија за спречување на корупција, со барање да се преземат сите потребни мерки по однос на конкретниот случај.

При разгледувањето на наводите содржани во пријавата и приложената документација кон истата, Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид наводите на подносителот и констатира дека во конкретниот случај станува збор за наводи по кои се надлежни да постапуваат други надлежни органи во РСМ и дека од страна на подносителот било искористено упатството за правно средство - била поднесена жалба до надлежен орган, по што оцени дека нема основ за нејзино надлежно постапување во предметниот случај .

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 14 февруари 2020 година под бр. 12- 1901/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Катица Николовска**

Доставено до :
- Архива
- Подносителот


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk